**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: 17-02-2016 | | | |
|---|---|---|---|
| | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 1004 | 1 | |

**До: д-р Зоран Трајчевски, директор**
**на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14), се доставува

## ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
## ЗА ИЗВРШЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР

1. **Вид надзор:** редовен

2. **Субјект на надзорот:** првиот телевизиски програмски сервис на Јавното радиодифузно претпријатие МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА Скопје - **Македонска телевизија - Прв програмски сервис (МРТ1)**

3. **Период опфатен со надзорот:** 21 јануари 2016 година

4. **Датум на извршување на надзорот:** 17 февруари 2016 година

5. **Предмет на надзорот:**

   - **Член 64 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (употреба на јазикот во програмите на радиодифузерите);
   - **Член 90 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (радиодифузерите што вршат дејност на државно ниво се должни дневно да емитуваат најмалку 12 часа програма на телевизија);
   - **Член 92 ставови 2 и 14 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (јавниот радиодифузен сервис е обврзан дневно да емитува најмалку 60% изворно создадена програма во Република Македонија на македонски јазик или на јазиците на немнозинските заедници кои живеат во Република Македонија, од која половина во периодот од 7,00 до 19,00 часот);
   - **Правилник за обврските за емитување изворно создадена програма, музика, документарна и играна програма** („Службен весник на Република Македонија" бр. 180/14)

6. **Претходно изречена мерка:** нема

7. **Констатации од надзорот:**

Со редовниот надзор врз програмскиот сервис на Јавното радиодифузно претпријатие МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА Скопје - Македонска телевизија - Прв програмски сервис (МРТ1), емитуван на 21 јануари 2016 година, **е констатирано прекршување на член 92 ставови 2 и 14 од Законот** за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (најмалку 60% изворно создадена програма во Република Македонија на македонски јазик и половина од таа програма да ја емитува во периодот од 07:00 до 19:00 часот).

Со надзорот е констатирано дека на 21 јануари 2016 година, МРТ1, првиот телевизиски програмски сервис на Јавното радиодифузно претпријатие МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА Скопје емитуваше 12 часа 14 минути и 50 секунди програма изворно создадена во Република Македонија на македонски јазик, што е **54.34%** од вкупно емитуваната програма во текот на денот која влегува во пресметка за изворно создадена програма (22 часа 32 минути и 18 секунди). Законскиот минимум од 60% за емитување изворно создадена програма во текот на еден ден, во однос на вкупно емитуваната програма на 21 јануари што влегува во пресметка за изворно создадена програма (22:32:18), е 13 часа 31 минута и 23 секунди. МРТ1 емитуваше за 1 час 16 минути и 33 секунди помалку изворна програма од тоа време, што е спротивно на член 92 став 2 од Законот.

Половина од законскиот минимум (60%) е 6 часа 45 минути и 41 секунда изворно создадена програма во Република Македонија на македонски јазик, што медиумот требало да ја емитува во периодот од 07:00 до 19:00 часот. Во овој период, како што е констатирано со надзорот, МРТ1 емитуваше вкупно 6 часа 23 минути и 27 секунди, односно за 22 минути и 14 секунди помалку изворна програма од тоа време, што е спротивно на член 92 став 14 од Законот.

8. **Опис на прекршувањето:**

**Спротивно на член 92 ставови 2 и 14 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**, првиот телевизиски програмски сервис на Јавното радиодифузно претпријатие МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА Скопје - Македонска телевизија - Прв програмски сервис (МРТ1), на 21 јануари 2016 година, не емитуваше најмалку 60% изворно создадена програма во Република Македонија на македонски јазик и половина од таа програма не ја емитуваше во периодот од 07:00 до 19:00 часот.

9. **Предлог мерка:**

- Директорот на Агенцијата да донесе решение со кое ќе го опомене Јавното радиодифузно претпријатие МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА Скопје - Македонска телевизија - Прв програмски сервис (МРТ1) и согласно точка 6 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (пречистен текст) бр.01-6039/1 од 20.10.2015 година, да му наложи во рок од 30 дена од денот на приемот на решението да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги; и

- Да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот, постапил по опомената (во целост, делумно или не постапил), по истекот на рокот определен во поединечниот акт (решение), донесен од страна на директорот на Агенцијата.

***Сектор за програмски работи***